Bojan Marichikj

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.10.01 10:38:19 +02'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2638/1

Скопје, 30-09-2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за јавна набавка на услуги – Техничка контрола на лифтови**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги и тоа: Техничка контрола на лифтови.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Техничка контрола на лифтови.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 424 - поправки и тековно одржување, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**3.** Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала вредност** за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во постапката.



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
1828

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена**.

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата во архивата на Министерство за правда.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

   - Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - Членови: - Адријана Красниќ
     - Орхан Сулимани

   - Заменик претседател на комисија: Михајло Војтикив
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на услуги – Техничка контрола на лифтови.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 118.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 424 - поправки и тековно одржување, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Министер за правда
м-р Бојан Маричиќ

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification